Фото Сојуз на Македонија - Photo Association of Macedonia

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; WWW.FOTOSOJUZ.MK; e-mail: info@fotosojuz.mk; fotosojuz.mk@gmail.com

**Фото сојузот на Република Македонија**
**ги објавува**

# 51$^{\text{вите}}$ ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2013

Денови на македонската фотографија го претставуваат пресекот на македонското фотографско творештво во тековната година и е најстара фотографска манифестација во државава. Оваа година ќе се одржат по 51$^{\text{ви}}$ пат.
Организатор на манифестацијата е Фото сојуз на Македонија.

**Денови на македонската фотографија 2013** ќе се одржат во рамки на манифестацијата „Скопско лето". 2013. Отворањето на изложба ќе биде на 16.07.2013 во 20ч.

## П Р О П О З И Ц И И

1. **Тема:**
   а) слободна за поединечни фотографии
   б) слободна за колекции

2. **Трудови:** На изложбата ќе се примат црно-бели и колор фотографии , **максимум 6 фотографии по автор за двете теми**, независно од стил, процес на снимање или обработка. Фотографите кои испраќаат фотографии во двете теми мора да водат сметка фотографиите да не бидат исти.

3. **Димензии:** На изложбата ќе се примат фотографии со следниве димензи: 30x45 cm, 30x40 cm или со нивниот изведен формат од кои пократка страна мора да има минимум 30 cm. Фотографиите можат да бидат залепени на паспарту, но не поголемо од димензијата 40x50 cm. Формати од типот 20x30 cm нема да бидат жирирани.

4. **Идентификација:** На задниот дел од секоја фотографија треба да се назначат податоците според Правилникот за изложби на ФСМ: име и презиме на авторот, наслов, фото клуб, адреса, е-маил и звање во ФСМ, доколку авторот го има.

5. **Учество:** Право на учество на изложбата имаат сите граѓани на Република Македонија, членови на клубовите и фото групите при Фото сојузот на Македонија, самостојни автори членови на Фото сојузот, како и сите други фотографи.

6. **Котизација:** Членовите на Фото сојузот кои имаат платено членарина за 2012 година не плаќаат котизација. Сите останати автори со своите фотографии треба да приложат 200 ден., или да уплатат 200 ден. на **жиро сметка: 300000000300833, Комерцијална банка,** со цел на дознака **Денови на македонската фотографија**. Во пакетот со фотографии **уплатницата мора да се приложи**, во спротивно фотографиите нема да бидат примени.
   **Важно:** учеството во младинската категорија е БЕСПЛАТНО!

7. **Жири:**

- Цветан Гавровски (МФ ФСМ) **Замена**: Владимир Секуловски (КМФ ФСМ)
- Душан Доцевски (КМФ ФСМ)
- Марјан Јаневски (КМФ ФСМ)

8. **Награди: Натпреварувачки награди:**

- Прва, втора и трета награда за колекција на фотографии;
- Прва, втора и трета награда за поединечна фотографија;
- Три дипломи за колекција на фотографии
- Три дипломи за поединечна фотографија
- **Посебно признание:** Плакета „Благој Дрнков"

**9. Календар:** - Краен рок за прием: 07.06.2013
- Жирирање: 12.06.2013
- Резултати (www.fotosojuz.mk) 19.06.2013
- Отворање на изложбата: 16.07.2013
- Враќање на фотографиите: 30.09.2013

**10. Адреса:** Делата со пополнета пријава, како и уплата за котизација со назив ЗА ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2013, да бидат доставени на адреса: **Градски ѕид, Блок 5, Поштенски фах 14, 1000 Скопје.**

**11. Забелешка:** Фотографиите кои учествувале на претходните ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА ФОТОГРАФИЈА нема да бидат жирирани. Организаторот го задржува правото на репродукција на примените фотографии за потребите на изложбата. Авторите гарантираат за авторството на користениот материјал. Секоја злоупотреба на авторски права е на лична одговорност на авторот.

**12. Дефинирање на поимот „Колекција фотографии":**
Под **колекција** се подразбира 3 или повеќе фотографии (црно-бели или колор) поврзани меѓу себе или визуелно или наративно:
- ВИЗУЕЛНО: се мисли на естетско-ликовен израз
- НАРАТИВНО: се мисли на серија фотографии кои опишуваат некој настан, психолошка состојба, есеј, тема, концепт, светло и сл.

Фотографии кои автор ги праќа како колекција, треба на задна страна да бидат означени со зборот „колекција" и со редоследно бројче за редење.
Жирито го задржува правото секоја фотографија од колекцијата и поединечно да ја оценува.

**13. Објаснување на критериумите за наградата „Благој Дрнков":**

- Фотографиите да се тематски блиски до тематските определби на Благој Дрнков
- Фотографии врз кои не се искористени напредни софтверски корекции (монтажи и филтри), дозволени се основни корекции (контраст, осветленост...)

**14. Младинска изложба:** Доколку се пријават доволен број автори помлади од 21 година ќе се организира и Младинска изложба:

- доколку се пријават до 15 автори ќе се поделат три награди: една златна и две дипломи;
- доколку се пријават 15 автори ќе се поделат три награди: една златен, еден сребрен и еден бронзен медал.

Овие награди се бодуваат како според Правилникот на ФСМ.

**15.** Фотографиите испратени на ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА ФОТОГРАФИЈА 2012 остануваат во авторска сопственост на авторите. Со чинот на испраќање на делата секој автор/авторка искажува согласност со наведените услови и сноси морална и материјална одговорност за поднесените дела.
**16.** Одлуката на жирито е конечна.
**17.** Контакт: Дарко Петровски, 078 478 476, darko@nova.edu.mk, fotosojuz.mk@gmail.com

Фото Сојуз на Македонија - Photo Association of Macedonia

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; WWW.FOTOSOJUZ.MK; e-mail: info@fotosojuz.mk; fotosojuz.mk@gmail.com

**ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2013**

П р и ј а в а

**ПОДАТОЦИ ЗА АВТОРОТ/АВТОРКАТА**

| | |
|---|---|
| Име | |
| Презиме | |
| Звање во ФСМ | |
| Адреса | |
| Град | |
| e-mail, WEB | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ФОТО КЛУБОТ**

| | |
|---|---|
| Име | |
| Адреса | |
| Град | |
| e-mail, WEB | |

**ФОТОГРАФИИ:**

**Заокружете:** За главна конкуренција За младинска конкуренција

| | Дела | Ставете „X" доколку фотографијата е дел од колекција |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| 6. | | |

Со својот потпис авторот/ката гарантира дека приложените податоци се точни и дека се согласува со пропозициите на Изложбата.

Потпис на авторот/авторката:

Gradski Zid Blok 5, P.O.Box 14, 1000 Skopje R. Macedonia; WWW.FOTOSOJUZ.MK; e-mail: info@fotosojuz.mk; fotosojuz.mk@gmail.com

Испраќа:

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

\- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

Прима:

**ФОТО СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА 2012
**Градски ѕид, Блок 5,**
**Поштенски фах 14,**
**1000 Скопје**

\- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

ФОТОГРАФИИ ЗА ИЗЛОЖБА
БЕЗ КОМЕРЦИЈАЛНА ВРЕДНОСТ
ВЕ МОЛИМЕ
НЕ ПРЕВИТКУВАЈТЕ